РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-608/2
09.06.2023 год.
РАНКОВЦЕ

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Општина Ранковце во врска со добиена информација од страна на АДРА Македонија за Проект на Владата на Република Словенија која преку Министерството за Надворешни и Европски работи и амбасадата во државата која го финансира 3 годишниот проект за развојот на пчеларството во Североистоичниот регион , во кој спаѓа и Општина Ранковце .

За подетално запознавање со начинот и условите за аплицирање Општината во соработка со АДРА Македонија **на 13.06.2023 година (вторник) во салата на Совет на Општина Ранковце со почеток во 11:30 часот организиран е ИНФО ДЕН** за отворениот повик за мотивирани и заинтересирани луѓе кои сакаат да отпочнат свој бизнис одгледување на пчели, производство на мед и производи од мед .

Во рамките на проектот се опфатени :

- **групата од почетници** кои ќе бидат одбрани ќе добијат врвна обука од најдобрите стручњаци од нашата земја и Р.Словенија.

После завршената обука, ќе добијат се што им е потребно да го започнат својот бизнис (кошници, пчелни семејства, и секаква друга опрема. Комплетниот тим и експертите од Словенија и Македонија ке се потрудат да после 3 години станат врвни пчелари.

- **напредни пчелари** кои сакаат да го унапредат своето работење и подигнат на највисоко ниво во делот на органско пчеларство. Одбраните кандидати ќе добијат посебен вид обука и опрема.

- **оние пчелари кои им се потребни само одредени поправки** на нивните пчеларници исто така може да се пријават.

Контакт лицето Дејан Антиќ АДРА Македонија кој е Проект Менаџер телефон.070225651 ви стои на располагање за било какви додатни информации во врска со проектот и отворениот повик за пријавување на заинтересираните лица

За информации за ИНФО денот Славица Стефановска 071581536

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *